# THE USE OF PAYMENT CARDS AS ELECTRONIC PAYMENT INSTRUMENTS FOR PAYMENT TRANSACTION

**Marina Blazhekovikj Toshevski**
St. Kliment Ohridski University – Bitola, R. N. Macedonia, marina.blazekovic@yahoo.com

**Abstract:** When it comes to the different forms of electronic banking, it can be said that its most common form is payment cards. They are electronic payment instruments, which contain information on the card holder's cash, or are connected to the bank's computer center. Today are used many electronic cards with different characteristics and different types and banks are the largest issuers of payment cards. The most commonly used payment cards are debit and credit cards. They are used to pay for goods and services purchased at the sale places or online, and to withdraw cash from an ATM. Along with credit transfers, payment cards have a significant share in the total value of payments made by individuals and legal entities through banks. In our country, there are different usage of payment cards in the trade for making payments at physical sale places, their use for cash withdrawal from ATMs, making online payments and so on. Therefore, this paper analyzes the payment cards as a payment instrument used to make payments in our country. Will be analyzed their share in the value of total transactions, changes in their application in the analyzed years, the trend of increasing of the use of payment cards for payments, but also will be a comparative analysis with certain countries regarding their use. Also, It will analyze the value of transactions made with payment cards issued in the country of devices located abroad, but also the total number of transactions in the country with payment cards issued abroad. Finally, will be given guidelines and recommendations for their greater application in the Macedonian economy.
**Keywords:** payment cards, banks, transactions

# УПОТРЕБАТА НА ПЛАТЕЖНИТЕ КАРТИЧКИ КАКО ЕЛЕКТРОНСКИ СРЕДСТВА ЗА ПЛАЌАЊЕ ВО ПЛАТЕЖНИТЕ ТРАНСАКЦИИ

**Марина Блажековиќ Тошевски**
Универзитет Св. Климент Охридски – Битола, Р. С. Македонија, marina.blazekovic@yahoo.com

**Резиме:** Кога станува збор за различните форми на електронско банкарство, може да се каже дека негова најраспространетата форма се платежните картички. Тие претставуваат електронски средства за плаќање, кои содржат информации за паричните средства на иматетот на картичката, или пак, се поврзани со компјутерскиот центар во банката. Денес се користат голем број електронски картички со различни карактеристики и различни видови, а банките се најголеми издавачи на платежни картички. Најчесто користени платежни картички се дебитните и кредитните картички. Истите се користат од страна на нивните носители при плаќање за купените стоки и услуги на местото на продажба или пак преку интернет, и за повлекување готовина од банкомат. Заедно со кредитните трансфери платежните картички имаат значајно учество во вкупната вредност на плаќањата извршени од страна на физичките и правните лица со посредство на банките. Во нашата земја, различна е примената на платежните картички во трговијата за вршење на плаќања на физичките места на продажба, нивното користењето за повлекување готовина од банкомати, вршење плаќања кај интернет-трговијата и сл. Затоа, во овој труд е направена анализа на платежните картички како платен инструмент што се користи за извршување на плаќањата во нашата земја. Ќе биде анализирано нивното учество во вредноста на вкупните трансакции, промените кои настануваат во нивната примена во анализираните години, трендот на зголемување на употребата на платежните картички за вршење плаќања, но исто така ќе биде направена и компаративна анализа со одредени земји во однос на нивната употреба. Исто така, ќе биде анализирана и вредноста на остварените трансакции со платежните картички издадени во земјата на уреди лоцирани во странство, но исто така и вкупниот број трансакции во земјата со платежни картички издадени во странство. На крај, ќе бидат дадени и насоки и препораки за нивна поголема примена во македонската економија.
**Клучни зборови**: платежни картички, банки, трансакции

## 1. ВОВЕД

Денес, во современите услови на работење и брзиот развој на технологијата, примена наоѓаат голем број на електронски картички. Кога станува збор за учеството на платежните картички во платежните трансакции,

тие може да се каже дека претставуваат инструмент кој се користи за безготовинско плаќање. Истите содржат идентификационен број со кој обезбедува сигурност односно електронски податоци за лицата и електронски генерирани броеви кои овозможуваат да се реализираат платежните трансакции. Од историски аспект, за прв пат платежните картички како поим, биле спменати во романот на еден американски автор Edward Bellamy упте во 1887 година, кој во тоа време прогнозирал дека во иднина ќе постои платежна картичка која ќе се користи за безготовинско плаќање (Шила Х. Современо банкарство). Но, за прв пат платежните картички, се појавиле во 1894 година кога во САД биле воведени од страна на хотелот „Credit Letter Company", а после тоа започнале да се воведуваат и од други компании. Така, од тогаш до денес, а како резултат на развојот на електронското банкарство и електронските системи кои го овозможиле електронскиот трансфер на парите и развојот на електронски картички, нивниот број се повеќе и повеќе се проширува (Borko K. Bankarstvo). На тој начин тие станаа најраспространетата форма на електронско банкарство и денес ги има во најразлични видови поделени според најразлични аспекти (Milutin Ć. Bankarski menadžment). Корисници на платежните картички најчесто се физички лица, но исто така постојат и картички кои се наменети за претпријатијата (Горан П. Управување со банките). Во нашата земја, првите POS терминали биле поставени во 1996 година во поголемите продажни центри и трговците не плаќале надомест за нив, бидејќи целта на банките била да ги мотивираат да ги користат за наплата. Зголемено користење на платежните картички започнува со одлуката платите во јавната администрација да се исплаќаат преку сметки поврзани со платежни банкарски картички и на тој начин од тогаш, секоја година се зголемува и бројот на картички кои се издадени од банките (Стратегија за развој на платниот систем на Република Македонија во периодот 2013-2017 година).

## 2. УЧЕСТВО НА ПЛАТЕЖНИТЕ КАРТИЧКИ ВО ПЛАТЕЖНИ ТРАНСАКЦИИ

Според податоците на Народна банка за 2018 година, вкупниот број на реализирани трансакции во 2018 година е за 11% повеќе споредено со вкупниот број на трансакции остварени во 2017 година, односно во 2018 година изнесува 114 милиони. Од вкуниот број на трансакции, најголемо учество, односно 47% му припаѓа на трансакциите со платежни картички за разлика од 2017 година, кога тоа учество беше 43%, додека во 2016 година учеството на платежните картички во вкупниот број на трансакции беше 38%. Тоа значи дека во анализираниот период од 2016 до 2018 година, се забележува значајно зголемување на учеството на платежните картички во вкупниот број на трансакции, односно од 38% во 2016 година на 47% во 2018 година. Тоа е резултат на се поголемо користење на платежните картички при плаќање во трговијата како од страна на физички лица, така и од страна на правни лица. Промените може да се согледаат на следниот графикон:

***Графикон бр. 1 Учество на платежните картички во вкупниот број на безготовински трансакции во нашата земја во периодот 2016-2018 година (%)***




Извор: НБРМ

Доколку се направи компаративна анализа на нашата земја со земји од Централна, Источна и Југоисточна Европа, како и некои земји членки на Европската Унија, може да да забележи дека примената на платежни картички кај нас е помала споредено со тие земји. Иако, во 2018 година е забележано најголемо учество од

47% на платежните картички во вкупниот број на трансакции, споредено со претходните години во анализираниот период во нашата земја, сепак тој прцент е понизок од просекот на земјите од Централна, Источна и Југоисточна Европа, кои се земени при компаративната анализа и кај нив тоа учество на платежните картички во вкупниот број на трансакции изнесува 51,6%. Исто така, примената на платежни картички кај нас е помала споредено и со земјите од Евриопската Унија кои се земени при компаративната анализа и кај нив просекот е 52,3%. Тоа може да се забележи на следниот графикон:

***Графикон бр. 2 Учество на платежните картички во вкупниот број на безготовински трансакции споредено со одредени земји (во %)***




Извор: НБРМ

### 3. БРОЈ НА ТРАНСАКЦИИ СО ПЛАТЕЖНИ КАРТИЧКИ

Во 2018 година, бројот на трансакции резализирани со платежни картички во нашата земја, беше 53,7 милиони и истите се направени како резултат на купување на производи и услуги.

Од аспект на уредите лоцирани во нашата земја, може да се каже дека постои зголемување на на користење на платежните картички издадени во нашата земја на уреди кои се лоцирани исто така во нашата земја на физичките места на продажба, но исто така постои и зголемување на овој начин на користење на картичките во однос на нивно користење за подигнување на готовина од АТМ. Истата состојба односно зголемувасе се забележува и кај бројот на трансакции реализирани со платежни картички кои се издадени во нашата земја, но се користени на уреди во странство. Исто така, слична е состојбата и со бројот на трансакции реализирани со платежни картички меѓутоа кои се издадени во странство а се користеле на уреди во нашата земја.

Сите овие промени може да се забележат на следниот графички приказ:

***Графикон бр. 3 Број на трансакции со платежни картички (%)***




Извор: НБРМ

### 4. ВРЕДНОСТ НА НА ТРАНСАКЦИИ СО ПЛАТЕЖНИ КАРТИЧКИ

Во 2018 година, вредноста на трансакции резализирани со платежни картички во нашата земја, беше 48,8 милијарди денари и истите се направени како резултат на купување на производи и услуги.

Од аспект на користење на платежни картички кои се издадени во нашата земја, најголемо учество од 70% во вредноста на трансакциите на уреди лоцирани во земјата, има користењето на платежните картички за подигнување на готовина од АТМ иако може да се забележи зголемување на користењето на платежните картички на физичките места на продажба.

Од аспект на користење на платежни картички кои се издадени во нашата земја на уреди кои се лоцирани во странство, може да се каже дека нема некои значајни промени во анализираниот период.

Од аспект на користење на платежни картички кои се издадени во странство меѓутоа на уреди кои се лоцирани во земјата, може да се забележи зголемено учество на користењето на платежните картички на физичките места на продажба, а намалување на користењето на платежните картички за подигнување на готовина од АТМ.

Овие промени можи да се согледаат на следниот графички приказ:

***Графикон бр. 4 Вредност на трансакции со платежни картички***




Извор: НБРМ

### 4. ЗАКЛУЧОК

Како резултат на брзиот развој на технологијата и примената на истата во банкарското работење, денес, платежните картички може да се каже дека претставуваат најраспространета форма на електронско банкарство и истите наоѓаат голема примена без разлика дали се користат за подигнување на готовина од АТМ, плаќање во трговијата на физички места за продажба, купување преку Интернет итн.

Бројките за користење на платежните картички во нашата земја, покажуваат дека постои зголемено користење на платежните картички во вкупниот број на трансакции и вкупната вредност на трансакции во анализираниот период, но споредено со одредени земји сепак учеството на платежните картички во трансакциите е пониско во споредба со просекот од анализираните земји. Тоа значи дека постои потреба од зголемена помоција и едуцирање за употребата на инфраструктурата за дигитални плаќања во нашата економија. Потребно е да настанат промени во навиките кај населението и поголема примена на платежните картички од нивна страна. На тоа може да влијаат банките во нашата земја преку информирање на населението за предностите што ги овозможува користењето на платежните картички како платежен инструмент, не само за подигнување на готовина, туку и за користење при купување на различни производи и услуги. На тој начин, ќе се влијае на зголемено учество на платежните картички во платежните трансакции и би се искористиле предностите кои ги овозможува овој платежен инструмент.

### ЛИТЕРАТУРА

Borko K. (1996).  Bankarstvo. Prosveta. Niš.

Горан П. (2011). Управување со банките. Скопје: Економски факултет – Скопје.

Годишна информација за движењата на плаќањата во Република Македонија во 2018 година, НБРМ

Годишна информација за движењата на плаќањата во Република Македонија во 2017 година, НБРМ
Е-Трговијата во Република Македонија – Асоцијација на Е-трговија на Македонија, јуни 2018 год.
Информација за движењата во платниот промет за 2016 година, НБРМ
Milutin Ć. (1995). Bankarski menadžment. Beograd.
Стратегија за развој на платниот систем на Република Македонија во периодот 2013-2017 година
Шила Х. (2009). Современо банкарство. Академски печат.
https://www.thoughtco.com/the-first-credit-card-1779328
https://www.nbrm.mk/